ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

Куманово

# Училишен етички кодекс на облекување

**За учениците:**

- Облеката која ја носат учениците треба да биде чиста и уредна.
- Облеката не треба да содржи обележја, натписи, фотографии и сл. кои би ги навредувале чувствата на другите во однос на етничката, верската, половата или пак друга припадност.
- Кога учениците се во училиште не трба да носат капи и качулки, премногу накит и пирсинг (обетки на носто, усните и образите).
- Не е дозволено да се носат куси здолништа, високи потпетици и облека која е тесно прилепена на телото, како и широко отворени деколтеа.
- Не треба да се имаат неуредни и предолги нокти со упадлив лак на нив, а исто така не треба да се има шминка.

**За наставниците**

За наставниците секако треба да важат речиси сите претходни правила кои се однесуваат за учениците (со исклучок на шминката која не треба да биде прејака и потпетиците кои не треба да бидат превисоки за да може наставничката слободно да се движи и да ѝ биде удобно бидејќи целото нејзино работно време е на нозе и се движи во училницата помеѓу учениците).

- Не е прикладно да носат тексасни пантолони со апликации или пак тексасни пантолони кои се искинати.
- Непристојно е да се носат куси пантолони, дури не е во ред да се носат истите и за време на летниот период додека учениците се на летен распуст, а наставниците сè уште доаѓаат на работа.
- Не е во ред да се носат маици или кошули без ракави.
- Здолништата кои ги носат наставничките не треба да бидат куси, прифатлива должина е онаа која нема да биде 2 см. над нивните колена.
- Во училиште не треба наставникот да доаѓа по папучи.

## Заедно со Училишен Одбор и Совет на родители ќе се работи на изготвување на Правилник за учениците и вработените во училиштата кој ќе се однесува на нивното облекување и изглед.